Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2023 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Програма за работа на Советот на ооштина Кратово во 2023 година бр.09-171/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 229/1
03.02.2023 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програма за работа на советот на Општина Кратово во 2023 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за работа на Советот на Општина Кратово во 2023 година.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-171/2
31.01.2023 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10//2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 31.01.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на општина Кратово во 2023 година**

**I. Воведен дел**

Според Законот за локалната самоуправа, Статутот на општината и Деловникот за работа на советот, на Советот на општина Кратово е предвидена обврска да донесе Програма за работа на Советот за тековната година според која што Советот ќе работи и ќе ги насочува своите активности за тековната година.

Советот на општината определувајќи ги насоките по кои ќе работи во текот на 2023 година, а со цел да создаде услови за остварување на својата функција, ја донесува Програмата за работа за 2023 година.

Советот на општината во рамките на своите надлежности може да организира и посебни седници посветени на тековните прашања и одговори на прашањата поставени од советниците до Градоначалникот и службите на општинската администрација.

Бројот на таквите седници ќе зависи од актуелните проблеми и прашањата за кои што ќе има интерес да бидат поставени.

Програмата за работа на Советот може во текот на годината да биде изменувана и надополнувана при што секое надополнување и обогатување ќе биде во функција на нејзиното поквалитетно и квантитетно остварување.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

**(конкретни точки, временски период за нивно донесување и изготвувачи и предлагачи на истите)**

- Советот на општина Кратово во 2023 година ќе одржува седници секој месец, а најмалку 12 (дванаесет) во текот на годината;

***Јануари-Февруари-Март***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2022 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Годишен план за вработување во Општина Кратово за 2024 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на буџетот на општина Кратово за 2022 година и Годишен извештај за 2022 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален Извештај за број на проекти и кои проекти се аплицирани, во која вредност се проектите и до која институција се аплицирани, број на одобрени проекти и Извештај и број на реализирани проекти за четвртиот квартал од 2022 година; Предлагач: Градоначалник-Службата за ЛЕР при Одделението за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за поддршка на проекти за аплицирање кај домашни и меѓународни институции-Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за 2022 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2022 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2022 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2021 година;
- Предлог-Годишна, завршна сметка на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2022 година;
- Годишна, завршна сметка со финансов извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна сметка со финансов извештај на ЈП "Кратово" од Кратово за 2022 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;

- Извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Извештај на Пописната комисија за извршен попис на средствата и изворите на средствата на Општина Кратово; Предлагач-Градоначалник;
- Предлог-Одлуки за доделување на помош од буџетот на општина Кратово; Предлагач: Комисија за давање прелог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2022 година; Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Годишен извештај за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на Општина Кратово за 2022 година; Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Годишен Извештај за реализираните активности од Програмата за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2022 година - Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Спроведување на постапка објектот "Партизан"-Поранешна "Соколана" да се даде во сопственост на општината како истиот би се реновирал и адаптирал во објект во интерес на граѓаните на општината;
- Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Кратово за 2022 година-Изготвувач: Полициска станица од општа надлежност-Кратово;
- Предлог-Иизвештај за работа на Териријалната противпожарна единица Кратово за 2022 година: Изготвувач Командир на ТППЕ Кратово;
- Предлог-Програма за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2023 година: Изготвувач Командир на ТППЕ Кратово;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2022 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2022 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Годишен извештај за реализираната програма за социјална и здравстена заштита за 2022 година во општина Кратово; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Програма за прослава на 24-ти февруари "Св.Ѓорѓи Кратовски"-Изготвувач: Одбор за прослава на 24-февруари "Св. Ѓорѓи Кратовски".

***April-Maj-Juni***

- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за првиот квартал од 2023 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален Извештај за број на проекти и кои проекти се аплицирани, во која вредност се проектите и до која институција се аплицирани, број на одобрени проекти и Извештај и број на реализирани проекти за првиот квартал од 2023 година; Предлагач: Градоначалник -Службата за ЛЕР при Одделението за финансиски прашања;
- Годишен план за вработување во Општина Кратово за 2024 година;

- Годишен план за вработување во ООУ "Кочо Рацин Кратово"-Кратово за 2024 година;-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин Кратово";
- Годишен план за вработување во СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за 2024 година;-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски";
- Годишен план за вработување во ЈОУДГ "Царка Андреевска"-Кратово за 2024 година;-Изготвувач: ЈОУДГ "Царка Андреевска";
- Годишен план за вработување во ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово за 2023 година;-Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов";
- Годишен план за вработување во ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2024 година;-Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово";
- Годишен план за вработување во ЈП "Кратово"-Кратово за 2024 година;-Изготвувач: ЈП "Кратово";
- Финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 31.03.2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово; Предлагач ЈП "Кратово;
- Буџетски календар на општина Кратово за 2024 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежноземјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за првиот квартал од 2023 година; Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Одлуки за доделување на помош од буџетот на општина Кратово; Предлагач: Комисија за давање прелог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на паралелки со помал број на ученици во ООУ "Кочо Рацин"-Кратово за учебната 2023/2024 година;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на паралелки со помал број на ученици во СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2023/2024 година;

***Јули-Август-Септември***

- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за вториот квартал од 2023 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален Извештај за број на проекти и кои проекти се аплицирани, во која вредност се проектите и до која институција се аплицирани, број на одобрени проекти и Извештај и број на реализирани проекти за вториот квартал од 2023 година; Предлагач: Градоначалник - Службата за ЛЕР при Одделението за финансиски прашања;
- Годишен план за вработување во Општина Кратово за 2024 година;

- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за вториот квартал од 2023 година; Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово; Предлагач ЈП "Кратово;
- Предлог-Одлуки за доделување на помош од буџетот на општина Кратово; Предлагач: Комисија за давање прелог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово;
- Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба задонесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност-Кратово за првата половина од 2023 година-Изготвувач: Командир на Полициска станица од општа надлежност Кратово;
- Полугодишен извештај за работа на Територијалната противпожарна единица Кратово за 2023 година-Изготвувач: Командир на Територијалната противпожарна единица Кратово;
- Програма за одбележување на денот на ослободувањето на Кратово 6-ти Септември:-Одржување на свечена седница по повод празникот 6-ти Септември денот на ослободување на Кратово на која ќе бидат прогласени учениците кои ќе освојат награди од регионален и државен натпревар и исто така ќе бидат прогласени истакнати работници од ООУ "Кочо Рацин", СОУ "Митко Пенџуклиски" и ЈОУДГ и ЈОУДГ "Царка Андреевска".
- Годишен извештај за работата на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово за учебната 2022/2023 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2022/2023 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишен извештај за работата на ЈОУДГ-Детска градинка "Царка Андреевска" - Кратово за 2022/2023 година - Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово ;
- Годишна програма за работата на ООУ "Кочо Рацин"- Кратово за учебната 2023/2024 година-Изготвувач: ООУ "Кочо Рацин"-Кратово;
- Отворен ден за посета на ученици од ООУ "Кочо Рацин"-Кратово на Градоначалникот и Советот на општина Кратово, а како дел од Програмата за работа на ООУ "Кочо Рацин" - Кратово;
- Годишна програма за работата на СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово за учебната 2023/2024 година-Изготвувач: СОУ "Митко Пенџуклиски"-Кратово;
- Годишна програма за работата на ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово за работната 2023/2024 година-Изготвувач: ЈОУДГ-Детска градинка"Царка Андреевска" - Кратово;

***Октомври-Ноември-Декември***

- Предлог-Одлуки за подршка на проекти за аплицирање по објавени повици. Поединечните одлуки ќе бидат изготвени и предложени откако ќе бидат објавени повиците за аплицирање со поединечни проекти-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за третиот квартал од 2023 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Квартален Извештај за број на проекти и кои проекти се аплицирани, во која вредност се проектите и до која институција се аплицирани, број на одобрени проекти и Извештај и број на реализирани проекти за третиот квартал од 2023 година; Предлагач: Градоначалник -

-Службата за ЛЕР при Одделението за финансиски прашања;

- Предлог-Планови на Програмите за развој на општина Кратово-Предлагач; Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлуки за доделување на помош од буџетот на општина Кратово; Предлагач: Комисија за давање прелог за доделување на помош од буџетот на општина Кратово;
- Предлог-Одлуки по предметите за легализација на дивоградбите а за кои е потребно да се донесат одлуки од советот; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Изработка на Детални урбанистички планови за кои ќе има потреба за донесување во овој период- Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Квартален извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за реализираните активности предвидени со програмата за уредување на градежно земјиште, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за третиот квартал од 2023 година; Предлагач: ЈП за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово и Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово" од Кратово; Предлагач ЈП "Кратово;
- Предлог-Годишна програма со Предлог-одлука за усвојување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација на територијата на општина Кратово за 2024 година; Предлагач: Градоначалник; Изготвувач: Одделение за урбанизам, комунални работи, зжс и лер;
- Предлог-Програма со Предлог--Одлука за усвојување на Програма за одржување на јавната чистота на територијата на општина Кратово- Предлагачи: Инспектор за комунални работи и заштита на животната средина во Одделението за инспекциски работи, Одделението за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР и ЈП "Кратово" од Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2023 година; Предлагач: Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишен извештај со Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за работа на Општинска установа "Музеј на град Кратово"- Кратово за 2023 година; Предлагач: ОУ "Музеј на град Кратово"- Кратово;
- Годишна програма со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа и развој на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово за 2024 година- Изготвувач: ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" - Кратово;
- Годишна програма со Предлог-Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово за 2024 година Предлагач - Изготвувач: ОУ "Музеј на град Кратово"-Кратово;
- Предлог-Програма за активностите на Општина Кратово во областа на културата за 2024 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Програма за поддршка на спортски активности во општина Кратово за 2024 година; Предлагач-Градоначалник; Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Програма за социјална и здравстена заштита за 2024 година во општина Кратово; Предлагачи: Градоначалник, Центар За социјални работи Кратово; Здравствен дом Кратово, Комисија за јавни дејности и установи;
- Предлог-Одлука за давање согласност за формирање и работа на воспитни групи со поголем број на деца во Јавната општинска установа-Детска градинка "Царка Андреевска"-Кратово за 2024 година;

- Нацрт-Буџет на општина Кратово за 2024 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Буџет на општина Кратово за 2024 година - Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на општина Кратово за 2024 година-Предлагач: Градоначалник, Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот на државните службеници во Општина Кратово Предлагач-Градоначалник-Одделение за финансиски прашања;
- Предлог-Одлука за спроведување на Попис на средствата и изворите на средствата во Општина Кратово;
- Предлог Програма со Предлог-Одлука за усвојување на Програма за уредување на градежно, изградба и одржување на комунална инфраструктура во општина Кратово за 2024 година-Предлагач: Одделение за урбанизам, комунални работи, ЗЖС и ЛЕР;
- Предлог-Програма за работа на ЈП "Кратово"-Кратово за 2024 година; Изготвувач и предлагач ЈП :Кратово";
- Организација на културна манифестација "Пастрамајкијада";
- Организација на културна манифестација "Компиријада";
- На седницата во месец Декември да се прогласат истакнати професионалци во својата област во институциите во општина Кратово и тоа од: Територијалната противпожарна едниница Кратово, ЈП "Кратово", Дом на култура "Лазар Софијанов", "Музеј на град Кратово", Полициската станица од општа надлежност Кратово, ЈОУ "Здравствен дом Кратово", најистакнат спортист и други истакнати личности, организација и здруженија на граѓани. За таа цел во месец Февруари 2023 година службите на општината да пратат допис до наведените институции за да следат и одлучат до крајот на месе Ноември 2023 година и ги доставаат до општината со име и презиме.

**III. Нормативен дел**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на општина Кратово ја регулира нормативната дејност на Советот во 2024 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивно усогласување со новите прописи кои се донесени или што ќе бидат донесени во 2023 година.

**IV. Завршен дел**

Со Програмата се нуди можноста да членовите на Советот и неговите работни тела дадат свој придонес во збогатувањето на програмата со содржини кои не се опфатени со истата, а се од надлежност на Советот и кои не се предвидени со овој предлог на Програмата.

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат кон обврските определени со програмата и роковите кои што се утврдени во истата.

Во текот на 2023 година Советот на општина Кратово ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење, а секое изменување и дополнување на оваа програма ќе биде во функција на обогатување и подобрување на квалитетот на истата, а со тоа и на самото работење на Советот на општина Кратово во 2023 година.

Програмата ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-171/1
31.01.2023 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кратово за четвртиот квартал од 2022 година бр.09-172/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 230/1 — **Градоначалник**
03.02.2023 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244//09, 53/2021, 77/2021 и 150/2021), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2022 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за четвртиот квартал од 2022 година предложен од Градоначалникот на општина Кратово, а детално опишан во Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Кратово за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година, кој е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-172/1 — **Претседател**
31.01.2023 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Предлог за воспоставување на Меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кратово и Општина Македонска Каменица за извршување на надлежноста од областа на внатрешната ревизија**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Предлог за воспоставување на Меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кратово и Општина Македонска Каменица за извршување на надлежноста од областа на внатрешната ревизија бр.09-173/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 231/1
03.02.2023 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 5 став 1 и член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09, член 14 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Предлог за воспоставување на Меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кратово и Општина Македонска Каменица за извршување на надлежноста од областа на внатрешната ревизија**

**1.** Со Одлуката советот на општина Кратово го усвојува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кратово и Општина Македонска Каменица за извршување на надлежноста од областа на внатрешната ревизија бр.08-127/1 од 24.01.2023 година донесен од Градоначалникот на општина Кратово.

Цел на соработката е извршување на надлежноста од областа на внатрешна ревизија со ангажирање на внатрешен ревизор од Општина Македонска Каменица кој ќе ги покрива работните задачи од областа на внатрешната ревизија во општина Кратово и општинските институции.

**2.** Согласно член 29 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен Весник на РМ" бр.90/09, 188/13 и 192/15), Внатрешна ревизија се спроведува во сите организациони структури, програми, активности и процеси кај субјектите од јавниот сектор, а согласно член 30 од истиот закон дејноста се обавува преку основање на единица за внатрешна ревизија или со склучен договор помеѓу раководители од два јавни субјекти.

**3.** Согласно член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09), остварувањето на истата ќе се врши со склучување на Договор за вршење на опрределени работи од надлежност на внатрешната ревизија од страна на Општина Македонска Каменица за сметка на Општина Кратово.

**4.** Видот на работите, видот и висината на надоместокот за вршење на работите, времетраењето на вршењето на работите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања ќе бидат утврдени во договорот за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кратово и Општина Македонска Каменица.

**5.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-173/1 **Претседател**
31.01.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово за 2023 година**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово за 2023 година бр.09-174/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 232/1 **Градоначалник**
03.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 88 став 1, 2, 3, 4 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14. 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Кратово и на административните службеници на буџетските корисници во Општина Кратово за 2023 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе започне да се применува со исплата на платата за Јануари 2023 година.

Бр.09-174/1 **Претседател**
31.01.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила во сопственост на Општина Кратово и за начинот на користење на приватните возила за службени потреби на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила во сопственост на Општина Кратово и за начинот на користење на приватните возила за службени потреби на Општина Кратово бр.09-175/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 233/1
03.02.2023 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила во сопственост на Општина Кратово и за начинот на користење на приватнитевозила за службени потреби на Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Правилник за начинот на користење, управување и одржување на службените возила во сопственост на Општина Кратопво и за начинот на користење на приватните возила за службени потреби на Општина Кратово

Правилникот е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-175/2
31.01.2023 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Правилник за постапување со подароци, погодности и госпримства во Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Кратово бр.09-176/2** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 234/1 — **Градоначалник**
03.02.2023 г. — **на Општина Кратово**
Кратово — Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 39 од Законот за вработени во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20) како и Уредбата за начинот на располагање со примените подароци и други прашања во врска со примените подароци ("Службен весник на Република Македонија" бр.153/14), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Правилник за постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Кратово.

Правилникот е во прилог и е составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-176/2 — **Претседател**
31.01.2023 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово бр.09-177/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 235/1
03.02.2023 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18,168/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), и член 15 од Статутот на општина Кратово („Службен гласник на Општина Кратово“ бр.06/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 31.01.2023 година донесе:

## О Д Л У К А

**за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово**

### Член 1

Се врши измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово,број 09-456/1 од 15.03.2022 година,објавена во Службен гласник на општина Кратово бр.4 од 17.03.2022 година.

### Член 2

Измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово,број 09-456/1 од 15.03.2022 година,објавена во Службен гласник на Општина Кратово бр.4 од 17.03.2022 година се врши во наслов **XII Графички дел на програмата** и тоа:

-измена на локација (бр.2) поставување на урбана опрема,маси и столови под чадор за сонце.

-дополнување со нова локација (бр.5) платформа –видиковец во функција на туристички настани.

-дополнување со нова локација (бр.6) платформа –видиковец во функција на туристички настани.

-дополнување со нова локација (бр.7) платформа-пешачки мост на Табачка река.

-дополнување со нова локација (бр.8) платформа-пешачки мост на Табачка река.

**Член 3**

Прилог на оваа Одлука за измена и дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кратово е измена на локација бр.2 која се наоѓа на плоштад Павел Шатев , дополнување со графички прилог- локација бр.5 која се наоѓа на к.п. 1444/1 и к.п.862/1,КО Кратово, ул.Михајло Апостолски ,дополнување со графички прилог-локација бр.6 која се наоѓа на к.п.2761/1 и к.п.2764/1,м.в.габреш,КО Кратово ,дополнување со графички прилог-локација бр.7 на к.п.1412/1,КО Кратово и дополнување со графички прилог-локација бр.8 на к.п.1412/1,КО Кратово.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кратово.

09-177/1 **Претседател**
31.01.2023 г. **на Советот на општинаКратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализациија на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Кратово за 2022 година бр.09-178/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 236/1 **Градоначалник**
03.02.2023 г. **на Општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/19), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Кратово за 2022 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општина Кратово за 2022 година.

Годишниот извештај е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-178/1 **Претседател**
31.01.2023 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Весна Петрова, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 03.02.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2022 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за уредување на градежно земјиште и изградба на објекти за комунална инфраструктура на подрачјето на Општина Кратово за 2022 година бр.09-179/1** донесена од страна на советот на општина Кратово на седницата одржана на 31.01.2023 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

08 - 237/1
03.02.2023 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

